# ХАБИТУАЛНИ МОРФОСИНТАКСИЧКИ СТРУКТУРИ

**Искра Пановска-Димкова**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Македонија*

Habitualness is a complex aspect composed of two aspectual values: a subordinate moment and a dominant continuum, and its definition is as follows: *X is such that (when/if S) P occurs*. For example: *Vo nedelite odime na Vodno:* 'nie sme takvi što (koga/ako e nedela) se slučuva da otideme na Vodno' *(On Sundays we go to Vodno:* 'we are such that (when/if it is Sunday) we go to Vodno'.) The action designated by the habitual semanteme/structure represents the subordinate event P of habitualness (the moment), whereas the continuative dominant aspect is represented by the open possibility for the event to take place. The activator for the event to take place somewhere along the temporal line is the feasible condition S.

At a formal level the aspectual category of habitualness in Macedonian is expressed by: 1) habitual semantemes, 2) habitual morphosyntactic structures and 3) habitual syntactic structures. At the morphosyntactic level the aspectual category of habitualness is expressed through verbal constructions composed of semantemes placed in an appropriate syntactic context, i.e. it is a combination of the aspectual value of the semanteme + its position (function) in the sentence. The habitual morphosyntactic structures in Macedonian are the following: 1. the *ḱe*-constructions; 2 the constructions with *čini* + imperative and 3. the *da*-constructions.

The habitual *ḱe*-constructions (which are the habitual future tense, the habitual future-in-past tense and the habitual future perfect tense), and the constructions with *čini* + imperative are special morphosyntactic structures in the Macedonian language which are used to express a series of events reccurring in a determined order: *Ḱe go pročitav vesnikot, ḱe pojaduvav i ḱe izlezev* – 'I am such that (when/if S) it can occur for me to read the newspaper ($P_1$), to have my breakfast ($P_2$) and to get out ($P_3$)' or: *Toj čini – pojdi, dojdi i sè taka.*

The habitual future tense of perfective verbs in Macedonian is specialized for expressing a series of events in an open interval, and not in an assumed interval of habitualness, which results from the fact that the habitual perfective present does not exist in the modern Macedonian anymore, while it still exists in all other Slavic languages.

The habitual *da*-constructions are complex verbal predicates composed of an introductory verb: *znae, (mu) se slučuva, praktikuva* or an introductory perifrastic structure: *ima običaj, ima navika* + the *da*-particle + perfective: *pratikuva da zgotvi, ima običaj da dojde.*

**0.1.** Хабитуалноста е видска конфигурација со **континуативна доминанта**, составена од две видски вредности: надреден континуативен вид и подреден моментен вид.

Нејзината дефиниција гласи:

***X е таков што (кога/ако S) (му) се случува P***

**0.2.** Хабитуалната видска конфигурација секогаш избира **атемпорален контекст** и тоа е основната разлика меѓу оваа видска конфигурација и другите глаголски видови со континуативна доминанта, а тоа се: простиот континуативен вид и теличната и мултипликативната видска конфигурација. Специфичноста на хабитуалната видска конфигурација, во таа смисла, е во тоа што континуумот на хабитуалноста претставува постојана **можност** дејството да се случи, а не претставува фактичко траење на дејство/состојба. Дејството означено со глаголот го претставува подредениот настан P на хабитуалноста, а активатор за случувањето на тој настан на временската линија е остварливиот услов S.

Така, на пример, реченицата *Јас секое утро јадам по едно јаболко* ја има парафразата: 'јас сум таква што (кога/ако е утро) се случува да изедам јаболко'. Доминантниот континуативен вид во оваа семантема е претставен преку делот: 'јас сум таква што', што значи дека дејството на јадење не трае во времето, туку она што трае е можноста агенсот да изеде јаболко. Затоа глаголот *јадам* во парафразата се пренесува со резултативот *изедам*.

(Сп. уште: *Во неделите одиме на Водно* има парафраза: 'ние сме такви што (кога/ако е недела) се случува да отидеме на Водно'.)

**0.3.** Доказ за тоа дека дејството означено со глаголот не претставува траење туку го претставува подредениот моментен вид е и врзувањето на хабитуалните семантеми со определби од типот *за пет минути*, на пример: *Алиштата се сушат за пет минути*. Ваквиот тип определба, како што е познато, ги придружува видовите со моментна доминанта (*Алиштата се исушија за пет минути* – резултативна видска конфигурација), но никако не може да се врзе со дејство што покажува траење во актуелно време, на пример со телична видска конфигурација (**Алиштата во моментов се сушат за пет минути*).

**0.4.** На формален план, парадигматиката на хабитуалната видска конфигурација го опфаќа нејзиното изразување преку хабитуални семантеми, а синтагматиката го опфаќа изразувањето на хабитуалноста преку морфосинтаксички структури, на кои се задржувам во овој труд, и синтаксички структури.

**0.5.** Видската категорија хабитуалност на морфосинтаксичко ниво е изразена преку глаголски конструкции, во кои се редат семантеми во соодветен синтаксички контекст, т.е. претставува комбинација на видската вредност на семантемата + нејзиното место (функцијата) во реченицата.

Во македонскиот јазик, хабитуални морфосинтаксички структури се: 1. *ќе*-конструкциите; 2. конструкциите со *чини* + императив и 3. *да*-конструкциите.

### 1. Хабитуални *ќе*-конструкции

1.0.1. Во македонската лингвистика, глаголските *ќе*-конструкции се испитувани во рамките на глаголските времиња, со назначување дека едно од нивните значења е значењето на повторливост на дејството или итеративно-хабитуалната употреба. Хабитуалните глаголски *ќе*-конструкции, во кои спаѓаат формите на идното време, минато-идното време и идното прекажано време, се изразни средства на хабитуалната видска конфигурација на морфосинтаксичко ниво и како такви тие не се темпорални форми туку модални и избираат атемпорален контекст.

1.0.2. На морфолошко ниво хабитуалните *ќе*-конструкции се составени од честицата *ќе* + перфектив (семантема со моментна доминанта) + лична наставка за презент, имперфект или *л*-перфект: *ќе_дојде-ш, ќе_дојде-ше, ќе_дојде-л.* Подредениот настан P на хабитуалноста е изразен во перфективот, а континуумот е изразен во дисконтинуираната морфема составена од *ќе* + лична наставка: *ќе_-ам, ќе_-ш; ќе_-в, ќе_-ше, ќе_-л.* Хабитуалноста изразена со *ќе*-конструкциите е претставена во семантемата, па во овој поглед, *ќе*-конструкциите се доближуваат до хабитуалните семантеми.

Овој тип хабитуалност бара **низа настани**. Неопходни се најмалку два настана кои следат еден по друг. Така, ако кај хабитуалноста изразена со други формални средства, настанот P (подредениот момент) може да биде еден, кај хабитуалноста изразена со *ќе*-конструкциите задолжително има низа настани ($P_1$, $P_2$...). На пример, хабитуалноста изразена со хабитуална двократносложена семантема може да означува еден подреден момент што потенцијално може да се случува: *Весникот го прочитува од почеток до крај*, но хабитуалноста изразена со *ќе*-конструкција бара повеќе од еден настан. Така, на пример, минато-идното време во реченицата *Ќе го прочитав весникот* не е хабитуално, туку се разбира како неисполнето дејство. Оваа реченица искажува нереален услов: *да можев, да ме оставеше* итн. За да се добие хабитуалност, реченицата мора да продолжи со други исто така хабитуални настани кои се во низа: *Ќе го прочитав весникот, ќе појадував и ќе излезев* – 'јас сум таква што (кога/ако S) ми се случува да го прочитам весникот ($P_1$), да појадувам ($P_2$) и да излезам ($P_3$)'.

1.0.3. Со хабитуалните *ќе*-конструкции може да се изрази отворен интервал на хабитуалноста – идно време и затворен интервал на хабитуалноста – минато-идно и идно прекажано време. Минато-идното и идното прекажано време меѓусебно се разликуваат само по категоријата статус, односно со минато-идно се означува перцептив, а со идно прекажано

време – имперцептив. Категоријата статус не е релевантна за глаголскиот вид и не менува ништо во поимската сложеност на хабитуалната видска конфигурација, па се разгледува само на структурен план.

**1.1. Хабитуално идно време**

1.1.1. Хабитуалната видска конфигурација се изразува со формата на идното време составена од честицата *ќе* + перфектив (семантема со моментна доминанта) + личните наставки за сегашно време. Со перфективот се означува настанот со моментна доминанта (подредениот момент), а со честицата *ќе* + наставката за презент (или отсуството на наставка во третото лице еднина) се претставува континуативниот вид (доминантната видска вредност на хабитуалноста). Со хабитуалното идно време се претставуваат низа настани што се случуваат по определен редослед во отворен интервал: *Тој секогаш така: ќе влезе, ќе седне и ќе го пушти телевизорот.*

Развивањето на хабитуалното значење на идното време од перфективи, се должи пред сѐ на губењето на перфективниот презент во македонскиот јазик (в. Б. Конески, 1987: 489), кој претставува изразно средство на хабитуалноста во сите други словенски јазици.

1.1.2. При направената споредба на хабитуалниот презент од перфективни глаголи од српскиот јазик и еквивалентите во македонскиот јазик (в. Пановска-Димкова, 2002) се покажа дека презентот од перфективни глаголи, во македонскиот јазик најчесто се предава со идно време од перфективни глаголи. На пример:

срп.: *Тада обично одмах **предузме** какав посао, какав тежак и чувени вез. **Загреје се, зарадује**. Сва **се унесе** у посао.*

мак.: *Тогаш обично веднаш **ќе се зафати** со некоја работа, некаков тежок и прочуен вез. **Ќе се затопли, зарадува**. Сета **ќе се внесе** во работата* (Борислав Станковиќ).

1.1.3. Со хабитуалното идно време во македонскиот јазик се изразува отворениот интервал на хабитуалноста. Така, наспрема идното време од имперфективи, односно од хабитуални семантеми, со кое се означува претпоставен интервал: *Тој секој ден ќе учи.*, со идното време од перфективи се означува отворен интервал, со исто значење како хабитуална семантема во презент. Така, на пример, реченицата: *Тој ќе влезе и ќе почне да вика* (хабитуално идно време) е истозначна со реченицата: *Тој влегува и почнува да вика* (хабитуални семантеми во презент). Оттука, оваа хабитуална конструкција може да се заменува со хабитуалните семантеми во презент со кои исто така се изразува отворениот интервал на хабитуалноста. На пример: *Кога ќе заврши со работа, задолжително **поминува** на кафе во Бастион*.

Ова докажува дека хабитуалното идно време воопшто не е темпорална форма, зашто при темпоралноста, редењето на времињата е обратно: прво презент, па футур (*Сега јадеме, па ќе излеземе*), додека при изразувањето на отворениот интервал на хабитуалноста, слободно може да се употреби прво футур од перфективи, па по него хабитуални семантеми во презент. Притоа, во текстот почесто се бираат сложените хабитуални семантеми, отколку простите, на пример *затоплува* место *топли*, *скокнува* место *скока* итн. На пр.: *Ќе постои малку, ќе поправи ако има нешто расипано, и **си се враќа** дома.*

**1.2. Хабитуално минато-идно време**

1.2.1. За основно значење на минато-идното време се смета неговата темпорална употреба, што значи дејство што се означува како идно од гледна точка на некој друг минат момент: *Се собираа, ќе одеа в град.* Врз основа на ова значење, минато-идното време е и вклучено во рамките на темпоралните глаголски форми, т.е. во системот на глаголските времиња на македонскиот јазик. Но, сепак, употребата на минато-идното време во основното значење е значително поретка, додека доста почеста е неговата модална употреба, а убедливо најчесто минато-идното време се употребува атемпорално (сп. К. Конески, 1990: 191), т.е. како морфосинтаксичка структура за изразување на видската категорија хабитуалност: *Ќе влезеше и ќе почнеше да вика* – хабитуално минато-идно време.

1.2.2. За хабитуалното минато-идно време е карактеристично тоа што со него секогаш се изразува низа на хабитуални настани во затворен интервал. Тоа значи дека првата форма во минато-идно време што го означува првиот настан од низата отвора место за уште најмалку една форма за да се добие низата од најмалку два настана потребни за овој вид хабитуалност. На пр.: *Дедо ми ќе запееше, а мајка ми ќе му се придружеше.*

1.2.3. Со хабитуалното минато-идно време се означува затворениот интервал на хабитуалноста. Оттука, честопати формите во минато-идно време во текстот се проследени од хабитуални семантеми во имперфект, временска форма со која исто така се означува затворен интервал. Обично, кога станува збор за подолга низа настани, раскажувачот употребува една-две форми во минато-идно време, а потоа преминува на употреба на хабитуалните семантеми во имперфект. Настаните од низата се редат по определен редослед. Ова претставува доказ за атемпоралноста на минато-идното време, кое кога е темпорална форма, може само да следи по имперфектот/аористот, а не да му претходи. На пр.: *Кога ќе влезеше, **не велеше** ништо и право **си одеше** во својата соба.*

1.2.4. По аналогија на употребата на хабитуалните семантеми во имперфект по семантемите во хабитуално минато-идно време, во минато-идно време може да се употреби и имперфектив, на пр.: *ќе правеше, ќе доаѓаше*. Ваквите примери се многу ретки и се однесуваат исто како хабитуалните семантеми во имперфект. Тоа значи дека тие никогаш не се на првото место во сложената реченица (во првата дел-реченица), односно не го претставуваат првиот настан од низата, туку се наоѓаат понатаму во реченицата, често се наоѓаат во последната дел-реченица, па редот на дел-речениците е: дел-реченица со перфективен глагол во минато-идно време во којшто е претставен моментот, па евентуално дел-реченица со имперфективен глагол. Хабитуалните семантеми во минато-идно време секогаш можат да се заменат со имперфект. На пр.: *Ќе ме повикаше, значи, ќе ме прашаше зошто сум рекол нешто што не сум рекол..., ќе ме сослушаше и **ќе** ме **кореше** со зборови најпогрдни и најнедостојни...* (ВА, 29)

**1.3. Хабитуално идно прекажано време**

1.3.1. Значењето на хабитуалното идно прекажано време е исто со значењето на хабитуалното минато-идно време. На структурен план се разликуваат по тоа што формите на хабитуалното идно прекажано време се градат со честицата *ќе* + перфектив + *-л*. Овие две конструкции се разликуваат по категоријата статус, која не е релевантна за категоријата глаголски вид: *ќе_-ше* – перцептив, *ќе_-л* – имперцептив. Врз основа на таа разлика, на планот на употребата се јавува ограничување кај формите на идното прекажано време во однос на категоријата лице, што произлегува од природата на категоријата имперцептив – формите на хабитуалното идно прекажано време се само во трето лице.

Освен ова ограничување, во однос на употребата на формите на идното прекажано време и минато-идното време не постојат никакви разлики и кажаното во т. 1.1.2. важи и за идно прекажано време.

1.3.2. Така, и овие форми означуваат затворен интервал на хабитуалноста, па можат да бидат проследени со хабитуални семантеми во *л*-перфект, т.е. прекажан имперфект: *Откако ќе го испиела сирупот, веднаш **оздравувала**.*

**2. Хабитуални конструкции со *чини* + императив**

2.0.1. Во рамките на хабитуалните морфосинтаксички структури, се вбројува и еден посебен тип на императив што избира атемпорален контекст. Во литературата овој императив се означува како 'употреба на императивот за означување на повторливи дејства'. Според Љ. Спасов (1996), овој тип императив спаѓа во рамките на т.н. расказен императив.

2.0.2. Структурно хабитуалниот императив е составен од глаголот *чини* + перфектив во императив. Глаголот *чини* е семантема со прост континуативен вид, што значи дека *чини* ја изразува континуативната доминанта на хабитуалноста, т.е. потенцијалноста за извршување на настаните. Подредениот настан Р се искажува преку перфективниот глагол. Бидејќи

настанот треба да биде со моментна доминанта, во хабитуалниот императив најчесто доаѓаат глаголи со моментна доминанта – перфективи. На пример: *Тој **чини** – пojди, дојди и сè така.*

Во оваа реченица условот што треба да се исполни не е експлицитно искажан, туку е имплициран: ако е расположен, ако е рано итн. Континуумот е изразен со глаголот *чини*. Настаните што можат да се случат се: поаѓање и доаѓање. Парафразирано: 'тој е таков што (кога/ако S) му се случува да појде и да дојде'.

2.0.3. И со хабитуалниот императив се означува низа на настани што потенцијално може да се повторат. И во овој случај потребни се најмалку два настана. Така, необичен би бил примерот: **Тој чини појди таму*, а се чувствува дека реченицата мора да се продолжи со барем уште еден настан, на пр.: *Тој **чини** појди таму и врати се.*

Местото на *чини* во реченицата е слободно. Најчесто, се наоѓа пред низата настани, претставена од перфективни глаголи: *Таа **чини**: дотерај се и излези в град*, но може да дојде и по низата настани: *Јас поoди, пooди – туку седни си, **чинам**.*

2.0.4. Многу ретко, но сепак во ваквите конструкции може да се употреби и имперфективен глагол. Повторно, како и кај минато-идното време, ако се случи да се употреби имперфективен глагол, тој никогаш не доаѓа на првото место во низата, па перфективниот прв глагол во низата влијае и вториот имперфективен да се сфати како перфективен. На пр.: *Тој чини – дојди и оди си.* Од самата реченица е јасно дека глаголот *си оди* тука е со значењето на глаголот *си отиде*, што значи е со ограничено времетраење и може да се сфати како настан, а не како континуум. Ова се поткрепува и со следново:

1. Честопати, траењето на дејствата означени со овие глаголи е и експлицитно ограничено во реченицата, на пример: *Тие чинеа – качи се на магаре и јавај цел ден.* Семантемата *јава* е ограничена со определбата *цел ден*.

2. Императивот изразува дејства што не се вршат во актуелно време, туку постои желба за нивно вршење. Во секоја наредба е содржан посакуван почеток на дејство, па оттука произлегува дека императивот изразува и почеток на дејство што се претпоставува дека ќе се реализира. Така: *Читај!* означува исто што и 'сакам ти да почнеш да читаш'. Потенцијалниот момент, видски гледано, е изразен во морфемата за заповеден начин (во *читај* тоа е суфиксот *-j*).

3. Според Б. Конески (1987: 419-20) императивот со оваа употреба е по потекло од сегашното време од свршени глаголи (видски – хабитуален презент од перфективни глаголи, в. Пановска-Димкова, 2002) кое во македонскиот јазик се загубило, можеби точно затоа што неговата форма совпаднала со формата на императивот. Претходно презентот од свршени глаголи веќе бил ослабнат со поместувањето на акцентот кај аористот, со што повторно дошло до хомонимија (сп.: *Дојде, јаде и си отиде* – во современиот македонски јазик се исклучиво форми на аористот).

2.0.5. Со хабитуалниот императив се изразуваат и отворениот и затворениот интервал на хабитуалноста, т.е. оваа конструкција може да се однесува и на планот на сегашноста и на планот на минатоста, а тоа се покажува преку временската форма на глаголот *чини* (глаголот *чини* во идно време, во состав на хабитуалниот императив, не е најден, сп. К. Конески, 1999: 275). Ексцерпираните примери покажуваат дека сепак најчеста е употребата на глаголот *чини* во сегашно време за изразување на отворен интервал на хабитуалноста: ***Чинат** стани, самите зготви си појадок, измини одреден број километри, ручај, прегледај ги инструментите, одмори се и продолжи.*

За изразување на затворениот интервал на хабитуалноста, глаголот *чини* е во имперфект (перцептив) и во *л*-перфект (имперцептив). Изразувањето на затворен интервал на хабитуалноста е доста поретко отколку изразувањето на отворен интервал. Пр.: *Тие **чинеа** – качи се на магаре и јавај цел ден. Тој **чинел** – најади се, облечи се, измазни се и ајде в град.*

2.0.6. На формален план, хабитуалниот императив може да биде и без глаголот *чини* како експлицитен изразител на континуумот на хабитуалноста. Овие примери се доста ретки и во нив *чини* е имплицирано. Исказот се сместува на планот на сегашноста или минатото според

временската форма на глаголот што му претходи на императивот. Пр.: *Сè така: врати се од работа и седни пред телевизор.*

**3. Хабитуални *да*-конструкции**

3.0.1. Хабитуалните *да*-конструкции се составени од воведувачки глагол: *знае, (му) се случува, практикува* или воведувачка перифрастична структура: *има обичај, има навика* + честицата *да* + перфектив. На пример: *пратикува да зготви, има обичај да дојде*.

Синтаксички овие *да*-конструкции претставуваат сложени прироци, што се докажува со тоа што тие можат да се заменат со една хабитуална семантема, на пример: *Тој знае да изненади = Тој изненадува.; Многу често ми се случува да го заборавам чадорот некаде = Многу често го заборавам чадорот некаде* итн.

3.0.2. Изразител на видската категорија хабитуалност кај хабитуалните *да*-конструкции е воведувачкиот глагол (тој претставува хабитуална семантема), а видската вредност на глаголската семантема воведена со сврзникот *да* е неутрализирана. Значи, воведувачкиот глагол го содржи и континуумот на хабитуалноста, но го имплицира и подредениот момент P што може да се повторува во континуумот. Со глаголот воведен со *да*, пак, само се кажува содржината на моментот P, а видската вредност на тој глагол се неутрализира. Семантиката на оваа структура е: *X е таков што (кога/ако S) му се случува P, каде што P е некаков*. На пример: *Често & се случува да заборави нешто*, има парафраза: 'таа е таква што (кога/ако S) & се случува P, каде што P е заборавање нешто (содржина на P)'. Ваквата структура е секогаш врзана со атемпорален контекст и, соодветно, секогаш изразува хабитуална видска конфигурација.

3.0.3. Глаголот во *да*-конструкцијата кој ја означува содржината на настанот P е главно перфективен. Но, бидејќи моментот е веќе содржан во воведувачката хабитуална семантема, поретко овој глагол може да биде и имперфективен, на пр.: *Знае да доцни на работа*. Сепак, и кога е имперфективен, во контекстот обично постои знак кој го ограничува неговото времетраење, па тој тогаш се сфаќа како интервал. На пример: *Тој знае со саати да зјапа во телевизорот*.

3.0.4. Поставувањето на временски план се врши со времето во кое е воведувачкиот глагол. Поставувањето на хабитуалните *да*-конструкции на планот на идноста се прифаќа како необично (**Ќе има обичај да седне на овој стол; *Ќе знае да ме насмее*). Најчесто, оваа структура со формите на презентот се поставува на планот на сегашноста – отворен интервал, а со формите на имперфектот и перфектот се поставува на планот на минатоста – затворен интервал: *Знаеше да намине на враќање од работа*.

3.0.5. Како воведувачки глагол на *да*-конструкцијата се јавуваат хабитуалните семантеми *знае, (му) се случува, практикува* и перифрастичната сруктура *има обичај/навика*.

**3.1. *ЗНАЕ + ДА*-конструкција**

Глаголот *знае* се јавува со две основни различни значења: *знае*$_1$ и *знае*$_2$. Глаголот *знае*$_1$ е со основното значење: 'поседува знаење, информација, умешност'. Од оваа основна семантика може да се изведат следниве значења на *знае*$_1$: 'умее': *Маја знае да прави колач со јаболка*, 'информиран е': *Тој знае за состанокот, му кажав.*, 'поседува знаење': *Знае три јазика.*, 'познава': *А, да, го знам добро*. Глаголот *знае*$_2$, пак, е со значењето 'може да му се случи', на пример: *Тој знае да ни се појави во ниедно време на врата*.

Разликата меѓу *знае*$_1$ и *знае*$_2$ е, значи, разлика во видските вредности кај едниот и кај другиот глагол. Глаголската семантема *знае*$_1$ е со прост континуативен вид и со неа не се изразува хабитуална видска конфигурација. Семантемата *знае*$_2$ е хабитуална семантема којашто во себе го содржи и континуативниот вид и потенцијалниот момент што се случува, па неговата семантика е: *X е таков што (кога/ако S) му се случува P*. Ако се анализира примерот: *Јане знае да ни се појави во ниедно време на врата*, се добива семантиката: 'Јане е таков што (кога/ако е ниедно време) му се случува P, каде што P е појавување на врата'.

### 3.2. *СЕ СЛУЧУВА + ДА*-конструкција

Структурата *се случува + да*-конструкција ја има истата семантика како конструкцијата со *знае*: *X е таков што (кога/ако S) се случува P, каде што P е некаков*. На пример: *Во попладневните часови се случува да заврне* има парафраза: 'времето е такво што (кога/ако е попладне) се случува P, каде што P е заврнување'.

Карактеристично за структурата *се случува + да*-конструкција на формален план е тоа што во оваа структура воведувачкиот глагол *се случува* е безличен, што значи дека: 1. секогаш е во трето лице еднина и 2. во реченицата нема подмет. Агенсот во таквата реченица има функција на индиректен предмет: *Ми се случува да заборавам* со значење: 'јас сум таква што (кога/ако S) ми се случува P, каде што P е заборавање'.

### 3.3. *ПРАКТИКУВА + ДА*-конструкција

Хабитуалната *да*-конструкција со воведувачкиот глагол *практикува* поретко се среќава во разговорниот јазик, што значи дека е покарактеристична за писмениот јазик. Видските вредности континуум и потенцијален момент се изразени во *практикува*, а содржината на моментот во глаголот од *да*-конструкцијата: *Таа практикува да зготви одвечер*: 'таа е таква што (кога /ако е вечер) & се случува P, каде што P е зготвување'.

Карактеристично за оваа структура е што лексичкото значење на коренската морфема *практик-* укажува на регуларноста на повторувањето за разлика на пример, од *Се случува да зготви одвечер*, каде што нема информација за регуларноста.

### 3.4. *ИМА ОБИЧАЈ/НАВИКА + ДА*-конструкција

Структурата *има обичај/навика + да*-конструкција е специфична по тоа што како воведувачка тука се јавува перифрастичната, декомпонирана структура *има* + именка. Глаголот *обичава* не се употребува во современиот македонски стандарден јазик. Во македонскиот јазик не постои еден глагол со исто значење како перифрастичната структура *има обичај/навика* (како што постои во англискиот јазик, на пример, *to use to = има обичај да*), а најблиску до тоа значење е значењето на глаголот *практикува*, кој многу ретко се употребува (види погоре). Целата хабитуална *да*-конструкција со воведувачка перифрастична структура може да се замени со една хабитуална семантема (што докажува дека не се работи за сложена реченица туку за сложен прирок), на пример: *Тој имаше обичај во сабота да помине на кафе. = Тој во сабота поминуваше на кафе.*

**4. Заклучок:** Хабитуалните *ќе*-конструкции и конструкциите со *чини*+императив се специјални морфосинтаксички структури во македонскиот јазик со кои се изразува низа на настани што се повторуваат по определен редослед. Хабитуалното идно време од перфективни глаголи во македонскиот јазик е специјализирано за изразување на низа настани во отворен, а не во претпоставен интервал на хабитуалноста, што се должи на фактот што во македонскиот современ јазик се загубило изразното средство хабитуален перфективен презент, кој го има во сите други словенски јазици. Хабитуалните *да*-конструкции се сложени глаголски прироци чиј воведувачки глагол е хабитуална семантема, а глаголот воведен со *да* ја изразува содржината на настанот P.

**Литература**

*Конески Б.* Граматика на македонскиот литературен јазик / Б. Конески. Скопје, Култура: 1987.

*Конески К.* Глаголските конструкции со ќе во македонскиот јазик / К. Конески. Скопје: Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", 1990.

*Конески К.* За македонскиот глагол / К. Конески. Скопје, Детска радост, 1999.

*Пановска-Димкова И.* Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик: Докторска дисертација / И. Пановска-Димкова. Скопје: Фонд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 2003.

*Пановска-Димкова И.* Македонските еквиваленти на српскиот презент од перфективни глаголи / И. Пановска-Димкова // Првата македонско-српска научна конференција од областа на јазикот и литературата. Охрид, 2002. Во печат.

*Спасов Љ.* Од проблематиката на императивот во македонскиот јазик / Љ. Спасов // Studia Linguistica Polono-Meridianoslavica. Скопје, 1996. С. 81-88.